**До**
[redacted]
**Барател за пристап до инфомации од јавен карактер**
бул. [redacted] Скопје
e-mail: [redacted]

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03-2552/2
Дата/data 30-06-2021

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), ЈП Комунална хигиена –Скопје, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за доставување информации од јавен карактер**

**СЕ УВАЖУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено со број **03-2552 од 29.06.2021г.,** поднесено од страна барателот [redacted] адреса на живеење на [redacted].

Бараните информации од јавен карактер,односно извештаите за работењето на стационарот Вардариште и финансиските извештаи за период 2016-2020г., до барателот ќе се доставуваат на e-mail: [redacted]

## Образложение

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер, при што побара информации кои се однесуваат на работењето на ЈПКХС т.е. третманот на животните скитници и финансиските средства потрошени за таа намена, за периодот од 2016 до 2020 година.

Со Одлука на Советот на Град Скопје, на 28.02.2019г. формирано е ЈП за благосостојба на животни скитници–Лајка -Скопје, при што управувањето, стопанисувањето и користењето на целокупниот имот и средства од постојниот стационар Вардариште кој функционираше во рамките на ЈП Комунална хигиена –Скопје, беше пренесено на ЈП Лајка.Стационарот престанува со извршување на работните задачи од 01.04.2019 година, кога од страна на АХВ е изречена забрана за заловување на бездомни кучиња. Од тој период ЈПКХС врши само подигање на згазени и умрени животни-мрши од јавните сообраќајни површини.

Одлучено е како во доспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение  барателот има право  на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот

**ЈП Комунана хигиена-Скопје**
**Службено лице за посредување со  информации од јавен карактер**

**Биљана Петковска**

28.02.2019г.

ЕЛЕКТРОНСКИ СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

**Година:** 2019 **Број:** 3
**Датум на издавање:** 03/07/2019

**Општина:** Совет на Град Скопје
**Тип:**Одлука

**Наслов:** О Д Л У К А за основање јавно претпријатие за благосостојба на животни скитници
**Текст:**Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), член 1 став 3 и член 9 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07. 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 ), а во врска со членовите 2 и 4 од Законот за комуналните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 31/16 и 64/18) Советот на Град Скопје, на дваесет и деветтата седница одржана на 28 февруари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за основање јавно претпријатие за благосостојба на животни скитници**

**Член 1**

Со оваа одлука Градот Скопје основа јавно претпријатие за благосостојба на животни скитници на подрачјето на Град Скопје.

*Фирма*

**Член 2**

(1) Називот на јавното препријатие гласи:
Јавно претпријатие за благосостојба на животни скитници ЛАЈКА *Скопје* (во натамошниот текст: Претпријатие).
Ndërmarrja publike për mirëqenie të kafshëve endacake LLAJKA Shkup
(2) Скратениот назив на претпријатието гласи: ЈП ЛАЈКА Скопје.
NP LLAJKA Shkup

*Седиште*

**Член 3**

Седиштето на Претпријатието е во Скопје, улица 840 број 2.

*Дејност*

**Член 4**

(1) Претпријатието се основа заради континуирано, организирано и квалитетно заловување на животните скитници, нивно времено сместување во прифатилишта и обезбедување соодветна заштита, контрола на популацијата, редовно хранење и напојување, како и ветеринарно медицински третман на животните скитници на подрачјето на град Скопје, на начин утврден со закон или друг акт.

(2) Претпријатието се основа за вршење на следните дејности:

01.49 - Одгледување на други животни - како претежна дејност.

(3) Дејноста на Претпријатието е дејност од јавен интерес од локално значење.

**Член 5**

Претпријатието не може да врши промена на дејноста, статусот, називот и седиштето, без согласност на основачот.

*Средства за основање и нивно обезбедување*

**Член 6**

(1) Почетните средства за работа на Претпријатието во износ од 2.500 евра во денарска противредност се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје.

*(2)* Градот Скопје на Претпријатието ќе го пренесе управувањето, стопанисувањето и користењето на целокупниот имот и средства од постојниот стационар Вардариште кој функционира во рамките на ЈП Комунална хигиена-Скопје, според пописот на основните средства со состојба на 31.12.2018 година.

*(3)* Двете претпријатија составуваат записник со спецификација на целокупната актива и пасива, која се пренесува од ЈП Комунална хигиена-Скопје на ЈП ЛАЈКА.

**Член 7**

Градот Скопје, ЈП ЛАЈКА и ЈП Комунална хигиена-Скопје ќе склучат посебен договор со кој ќе се уреди особено:

· Преземањето на обврските во врска со техничкиот процес на работа на постојниот стационар Вардариште, а кои произлегуваат од склучени договори на ЈП Комунална хигиена-Скопје;
· Односите во врска со преземањето на работници од ЈП Комунална хигиена-Скопје и нивно соодветно распоредување во ЈП ЛАЈКА.

**Член 8**

Претпријатието со целокупниот имот и средства е во сопственост на Градот Скопје.

**Член 9**

Вршењето на дејноста од членот 4 на оваа одлука се обезбедува од сопствени средства, од средства на основачот како и од други средства согласно законот.

*Одговорност на Претпријатието*

**Член 10**

(1) Претпријатието има својство на правно лице и за преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.
(2) Претпријатието со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во Трговскиот регистар.

**Член 11**

Претпријатието изготвува програма со која се планира развојот и финасирањето на својата дејност.

*Спроведување на одлуките на органите на Претпријатието*

**Член 12**

(1) Управувањето со Претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа одлука и статутот на Претпријатието.

(2) Претпријатието своето материјално-финансиско работење ќе го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според меѓународните сметководствени стандарди (ИАС).

**Член 13**

Органи на Претпријатието се: управен одбор, одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор.

**Член 14**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на претпријатието се утврдуваат со статутот, во согласност со законот.

*Вршител на должност*

**Член 15**

За вршител на должноста директор на Претпријатието кој ќе ги води работите на Претпријатието до неговото конституирање, се именува Тина Петрушевска.

*Организација на Претпријатието*

**Член 16**

(1) Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа.

(2) Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на Претпријатието

*Рокови*

**Член 17**

Статутот на Претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на управување ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Трговскиот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на статутот.

**Член 18**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-1959/1
28 февруари 2019 година
Скопје
С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
проф.д-р Љубица Јанчева с.р.

Në bazë të nenit 36 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e RM-së" numër 05/02) dhe në lidhje me nenin 1, paragrafi 3 dhe nenin 9 të Ligjit për ndërmarrjet publike ("Gazeta zyrtare e RM-së" numër 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07. 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 dhe 64/18) dhe në lidhje me nenet 2 dhe 4 të Ligjit për veprimtaritë komunale ("Gazeta zyrtare e RM-së" numër 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 dhe 64/18), Këshilli i Qytetit të Shkupit në seancën njëzetenëntë të mbajtur më datën 28 shkurt të vitit 2019, solli këtë:

**VENDIM**
**për themelim të Ndërmarrjes publike për mirëqenie të kafshëve endacake**

ЕЛЕКТРОНСКИ СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

**Година:** 2020 **Број:** 2
**Датум на издавање:** 02/11/2020

---

**Општина:** Совет на Град Скопје
**Тип:**Одлука

**Наслов:** ОДЛУКА за давање согласност на Програмата за хуман третман и благосостојба на животни скитници на подрачјето на град Скопје во 2020 година

**Текст:**Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), а во врска со член 11, став 1, точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19), Советот на Град Скопје на четириесет и деветтата седница, одржана на 11 февруари 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Програмата за хуман третман и благосостојба на животни скитници на подрачјето на град Скопје во 2020 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Програмата за хуман третман и благосостојба на животните скитници на подрачјето на град Скопје, за 2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Лајка – Скопје, со бр.02-11/4 од 04.12.2019 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-1547/1
11 февруари 2020 година
С к о п ј е
С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
проф.д-р Љубица Јанчева

Në bazë të nenit 36 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 5/02) dhe në lidhje me nenin 11, paragrafi 1, pika 8 të Ligjit për ndërmarrjet publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 dhe 35/19 dhe "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 275/19), Këshilli i Qytetit të Shkupit në seancën e dyzetenëntë, të mbajtur më 11.02.2020, solli këtë:

**VENDIM**